ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5186/7
19-10-2022

Врз основа на член 22, член 23 став 1, а во врска со член 82 и 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на второто продолжение на 75-та седница одржано на ден 14.10.2022 година ја донесе следнава:

Одлука

Постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по предмет број 08-5186/1 од 25.05.2022 година **СЕ ЗАПИРА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување поради што предметот број 08-5186/1 од 25.05.2022 година се затвора и архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 08-5186/1 од 25.05.2022 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во својата евиденција констатира дека лицето Адем Карага, во законски утврдениот рок по избор на функцијата вд директор на НУ Албански театар не поднел анкетен лист со што постапил спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог со утврден износ на глоба кој износ од страна на именуваното лице е платен и до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk